„Аллаху мој, не дозволувај мојот гроб да стане идол за обожување!

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Аллаху мој, не дозволувај мојот гроб да стане идол за обожување! Аллаховото проклетство нека биде врз оние кои ги претвораат гробовите на своите пратеници во џамии!“

[صحيح] [رواه أحمد]

Божјиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, го молеше својот Господар да не дозволи неговиот гроб да стане идол кој луѓето ќе го обожуваат преку величење и правење сеџда во неговиот правец. Потоа, Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол дека Аллах ги оддалечил од својата милост и ги проколнал оние кои ги претвораат гробовите на пратениците во џамии, бидејќи тоа води кон нивното обожување и погрешно верување поврзано со нив.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3336